

**Македонската филхармонија на 14 февруари, по повод Денот на вљубените, во 20 часот во Македонската опера и балет ќе одржи концерт насловен „Париз те сакам“. Ќе бидат изведени популарни француски шансони кои ги испеале Едит Пјаф, Ив Монтан, Жо Дасин, Мишел Легранд...**

Директорката на Македонската филхармонија Маја Чаначевиќ денеска на прес-конференција рече дека на концертот како вокалист ќе настапи популарната унгарска пејачка Миртил, диригент е Борјан Цанев, оркестрациите се на Емин Џијан, режијата е на Дејан Прошев, а на сцената актерот Васил Зафирчев ќе чита поезија од францускиот поет Жак Превер.

- Миртил е многу позната во Европа и во светот, многу е интересна како вокал и начинот на кој интерпретира. Мислам дека прекрасно ќе се вклопи заедно со оркестарот во интерпретација на француската музика - истакна Чаначевиќ.

Таа посочи дека годинава ја почнале со спектакуларен Божикен концерт во Македонската опера и балет на кој настапил светски познатиот виолинист Џулијан Рахлин.

- Тој беше пресреќен што по неколку години повторно е во Македонија. Таа соработка ќе ја продолжиме и во иднина бидејќи се работи за звучно име на полето на класичната музика. Соработката со него е многу значајна не само за нашиот оркестар туку и за промоција на нашата држава и македонската култура - рече Чаначевиќ.

Таа укажа на нивната тенденција како институција да носат врвни музички имиња и диригенти од целиот свет и да претставуваат музички композиции кои првпат ќе бидат изведени во Македонија или, пак, композиции кои се комплексни за изведба и не може често да бидат на репертоарот на еден симфониски оркестар.

Чаначевиќ се осврна и на вчерашниот концерт во чест на Саша Николовски-Ѓумар, на кој настапи македонскиот пијанист од помладата генерација Дино Имери.

- Во текот на годинава љубителите на класичната музика ќе имаат можност да видат врвни уметници од целиот свет. На 9 март по повод 8 Март ќе имаме можност да ја видиме светски познатата саксофонистка Еми Диксон, потоа следуваат концертите на Иштван Вардаи на виолончело, Нинг Фенг на виолина, како и настапите на диригентот Даниел Рајскин, виолинистот Никита Борисо-Глебски...како и настапите на македонските уметници Сихана Бадивуку на виолина, сопранистката Милена Арсовска и многу други - рече Чаначевиќ.

